Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за доделување на Годишна награда „Ѓорче Петров 2011”**

Се објавува Одлуката за доделување годишна награда „Ѓорче Петров 2011”, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесет и деветтата Седница на Советот, одржана на ден 22.06.2011 година.

**Број 08- 1658/1**
**од 24.06.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 точка 34 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 5/06) и член 16 од Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на годишни награди и признанија и одбележување на други празници (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров, бр. 6/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 39-тата седница, одржана на ден 22.06.2011 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на Годишна награда**
***Ѓорче Петров 2011***

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров по повод празникот на Општината *28 Јуни*, доделува **Годишната награда *Ѓорче Петров 2011***, на **м-р Валентина Стевановска** од Скопје, Факултет за ликовни уметности - Универзитет “Св.Кирил и Методи - Скопје”, за особено постигнати резултати во областа на уметноста, културата, високото образование, како и за афирмација на Општина Ѓорче Петров како надворешен соработник на Општина Ѓорче Петров.

Наградата се состои од Плакета и паричен износ од 15.000,00 денари.

**Член 2**

Светот на Општина Ѓорче Петров, на останатите пријавени кадидати како талентирани млади, амбициозни и успешни кадри од Општина Ѓорче Петров, им доделува **Пофалници** и тоа на :

1. **СТЕФАН КУЗМАНОВСКИ**, од Скопје, Општина Ѓорче Петров, редовен студент на смерот - Интегрирани биолошки науки, при Факултетот за системи и менаџмент на Универзитетот “Јакобс Универити”, за постигнати резултати во областа на заштитан а животната средина, на меѓународно и републичко ниво и придонес во афирмирањето на Општина Ѓорче Петров;

2. **АМИНА НИКОЧЕВИЌ,** од Скопје, Општина Ѓорче Петров, ученичка во ОУ “Мирче Ацев”, за постигнати високо професионални резултати во областа на класичната музика по клавир на меѓународно и републичко ниво и придонес во афирмирањето на Општина Ѓорче Петров;

3. **МАРКО БОЖИНОВСКИ,** од Скопје, Општина Ѓорче Петров, студент на “Вингејт Факултет” за бизнис во Северна Каролина - САД и спортиест, за постигнати резултати и рекорди во спортот во пливање на меѓународо и републичко ниво и придонес во афирмирањето на Општина Ѓорче Петров.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*

**Број 07-1592/3**
**од 22.06.2011 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**П р е т с е д а т е л,**
**Александар Стојкоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за доделување награди, пофалници и признанија на учениците и наставниците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за доделување награди, пофалници и признанија на учениците и наставниците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Триесет и деветтата Седница на Советот, одржана на ден 22.06.2011 година.

**Број 08- 1658/2**
**од 24.06.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа начлен 16 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општна Ѓорче Петров бр.5/06) и член 3, 4, 10, 11, 21 и 22 од Правилникот за доделување награди, пофалници и признанија на учениците и наставниците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров ( Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2011година ) Советот на Општина Ѓорче Петров, на 39-та седница одржана на ден 22.06.2011година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување награди, пофалници и признанија на учениците и наставниците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Ѓорче Петров доделува награди, пофалници и признанија на учениците и наставниците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров.

**Ч л е н 2**

Советот на Општина Ѓорче Петров доделува, награди, пофалници и признанија на следните ученици и наставници:

Плакета за Првенец на генерација 2003/2011 година на Општина Ѓорче Петров се доделува на:

**Првенец - Анастасија Јовчевска од О.У. Ѓорче Петров**

Признанија за постигнат особен успех во наставата и ученичките активности се доделуваат на:

**Амина Никочевиќ од ОУ Мирче Ацев - Прво место**
**Бојана Китановска од од ОУ Страшо Пинџур - Второ место**
**Христијан Трипковски и Стефанија Ѓорѓиевска од ОУ Димитар Поп Георгиев Беровски - Трето место**

Признанија за истакнат педагошки работник се доделува на:

**Гордана Билбиловска од ОУ Ѓорче Петров - Прво место**
**Јагода Арсовска од ОУ Мирче Ацев - Второ место**
**Атанасовска Елица од ОУ Димитар Поп Георгиев Беровски - Трето место**

Посебни Пофалници за постигнат особен успех во определени области се доделуваат на:

**Соња Палчевска Ќосева- Директор на ОУ Мирче Ацев, за успешно менаџирање со основното училиште Мирче Ацев**

**Фудбалската екипата од ОУ Ѓорче Петров за постигнат особен успех во мал фудбал.**

На останатите кандидати - ученици кои се пријавија на конкурсот им се доделат Пофалници.

**Член 3**

Наградите ќе ги врачи Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров по повод празникот на Општина Ѓорче Петров на 28 јуни 2011година.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објавуви во Службен Гласник на Општината Ѓорче Петров.

**Број 07-1592/4**
**22.06.2011 година**
**С к о п ј е**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**П р е т с е д а т е л,**
**Александар Стојкоски с.р**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| **Службен гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба** | **24 Јуни . 2011 год. Скопје Бр. 8 Год. VI** |

www.opstinagpetrov.gov.mk opstinagpetrov@yahoo.com

Издавач: Општина Ѓорче Петров
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
ул.Ѓорче Петров бб.тел.02/2039-307 ; 02/2039-308 фах. 02/ 2033-309
Тираж:50 примероци


**Содржина:**


1. **Одлука за доделување годишна награда „Општина Ѓорче Петров” за 2011 година.................................стр. 1**

2. **Одлука за доделување награди, пофалници и признанија на учениците и наставниците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров...........................................................стр. 3**


**Скопје, Јуни 2011 година**